**20250030070**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2024 година.

Бр. 08-6497/1
27 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

Член 1

Во Законот за Државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2007, 81/2007, 152/2008, 36/11, 18/13, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 152/15, 53/16, 83/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22), во член 3 во ставот 1 зборовите: „министерството надлежно за работите од областа на економијата„ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”.

Во ставот 2 зборовите: „од прва линија” се бришат.

Член 2

Во член 8 во ставот 1 по зборот „дејност“ се додаваат зборовите: „„примената на прописите од областа на безбедност на производите и техничката инспекција на прописот за лифтови, дигалки, жичари и транспортери“.

Член 3

Во член 9 став 1 во алинејата 2 по зборот „инспектори“ се додаваат зборовите: „и државни технички инспектори за лифтови, жичари, дигалки и транспортери“.

Член 4

Во членот 12 по зборовите: „утврдени во“ се додаваат зборовите: „овој закон и“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Покрај условите од ставот 1 на овој член, кандидатот за државен технички инспектор за лифтови, жичари, дигалки и транспортери треба да има завршено и високо образование од областа на машинството, електротехниката, хемиското инженерство, физиката, технологијата, правото и економијата, што се докажува со уверение.“.

Член 5

Во член 13-а во ставот 1 по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „ и труд”.

Во ставот 8 по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „ и труд”.

Член 6

Во член 13-б во ставот 4 по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 7

Во член 23 во ставот 9 по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 8

Во член 26 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Во случаите кога инспекторот ќе констатира непостапување на одредбите од посебните закони и другите прописи кои се под надлежност на Државниот пазарен инспекторат, а се однесуваат на заштитата на правата на потрошувачите, предизвикување на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, предизвикување на финансиска штета, загрозување на јавниот интерес и неспроведување на одлуките на Владата на Република Северна Македонија донесени врз основа на посебните закони ќе донесе решение за привремена забрана за вршење на дејноста во траење од 15 до 30 дена.“.

Ставовите 4, 5 и 6 стануваат ставови 5, 6 и 7.

Член 9

Во член 33 ставот 2 се менува и гласи:

„Жалбата од ставот 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението.“.

Во ставот 3 зборовите: „Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 10

Во член 37-в во ставот (10) по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 11

Во член 37-г ставот (3) се менува и гласи:

„Постапката на спогодување е итна и се води пред посебна комисија за спогодување во рамките на Министерството за економија и труд формирана од страна на министерот за економија и труд.”.

Член 12

Во член 39 во ставот 13 по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.